**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203- 7/3**

**Скопје, 04.02. 2009 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА РЕСЕН**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Ресен за 2007 година, кои се прикажани на страните од 7 до 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Ресен за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

   - Димитар Бузлевски - Градоначалник на Општина Ресен во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 14.10. до 05.11. 2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 08.01.2009 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на општина Ресен за средствата на сметката на Органот, под број 08-3348/1 од 30.12.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Ресен примени на 08.01. 2009 година. На 14.01. 2009 година по истек на законскиот рок примени се дополнителни забелешки потпишани од неовластено лице кои не беа предмет на разгледување на ревизијата, истите се отфрлени. Што се однесува до Забелешките поднесени од Градоначалникот, истите се разгедани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка **10.3.1. не се прифаќаат** и наодот останува во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантни и достатни ревизорски докази како основ за прифаќање на забелешките.
- забелешките кои се однесуваат на наодите од точка **10.3.2. и 10.3.3. не се прифаќаат** и наодите остануваат во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата, за отстранување на утврдените неправилности. По овие наоди во Конечниот извештај не се даваат препораки од причина што субјектот по истите постапил во фаза на Предходен извештај.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.1.1. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите и ситниот инвентар нема утврдено конзистентна сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. На фактурите/испратниците од добавувачите за прием се потпишува овластено лице од општината, се изготвуваат требувањата од пооделните одделенија и служби на општината кои ги користат набавените материјали, меѓутоа истите не се евидентираат во сметководството. Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите и ситниот инвентар придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

Во 2007 година има вршено набавки на материјали (живини сијалици , пвц и бетонски цевки и др.) во износ од 386 илјади денари. Невоспоставената материјална евиденција за набавките на материјали и ситен инвентар е спротивна на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за оваа појава е воспоставената долгогодишна пракса. Несоодветното ракување со залихите на материјали може да доведе до зголемени трошоци и ненаменско трошење на истите.

**Препорака:**
Општина Ресен да воведе евиденција за набавката и издавањето на материјалите и ситниот инвентар.

11.1.2. Пописот на средствата и изворите на средствата на општина Ресен со состојба на 31.12.2007 година не е извршен во целост бидејќи не го опфаќа имотот добиен со решението бр. 23-257/93 од 08.02.2000 година и не е извршен попис на обврските со состојба на 31.12.2007 година. Истото не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Нецелосното согледување на состојбата на имотот на општината и не спроведување на потребните подготвителни работи за извршување на пописот, придонесува искажаната состојба на средствата и обврските на 31.12.2007 година да не ја претставува реалната состојба на истите и доведува до нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Надлежните органи во општина Ресен да преземат активности за целосно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата согласно одредбите пропишани во Правилник за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**11.2. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.2.1. Во сметководството на Општина Ресен не се евидентирани вложувања во материјални средства ( комунални и инфраструктурни објекти) на соодветните сметки пропишани со Правилникот за сметковниот план за буџетите и буџетските корисници и Сметковниот план за буџетските корисници. Во текот на 2007 година, на објекти од овој вид, извршено е вложување/плаќање по основ на изградба и инвестиционо одржување во вкупен износ од 9.957 илјади денари кои се евидентирани како капитални расходи, но не се евидентирани како зголемување на материјалните средства или инвестиции во тек. Ваквото постапување е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и има за ефект нереално искажани состојби на средствата и изворите на средства во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Да се пропише сметководствена политика за евидентирање на капиталните вложувања на соодветните позиции за материјалните и нематеријалните средства и државниот-јавен капитал.

11.2.2. На сметката Основачки издатоци не е искажан износ од 61 илјада денари по основ на плаќање извршено по Одлука за основање на Фондација за меѓугранична соработка Еврорегион Преспа-Охрид, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ефект од тоа е нереално искажани состојби во сметководството и Билансот на состојба за 2007 година.

**Препорака:**
Надлежните од секторот за финансии и буџет да извршат евидентирање на сметката Основачки издатоци на средствата платени за основање на фондација за меѓугранична соработка Еврорегион Преспа-Охрид

11.2.3. Општина Ресен во својата евиденција го нема евидентирано имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/93 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Ресен врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија. Во врска со имотот со кој располага и е сопственост на општината нема обезбедено имотни листи од Државниот завод за геодетски работи Одделение за премер и катастар Ресен иако до истиот има доставено допис со што е побарано да се достават до општината имотни листи за имотот на општината како би можел истиот да биде евидентиран. Поради тоа искажаната состојба на материјалните средства на 31.12.2007 година не ја претставува реалната состојба на имотот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да формира комисија која согласно Методологијата ќе изврши проценка на вредноста на имотот за кои нема имотни листи и истиот да го евидентира вонбилансно.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Спротивно на законската регулатива, исплатени се надоместоци во износ од 111 илјади денари на членови на Совет на општината за учество во работа на комисии.
Во Законот за локална самоуправа, освен надоместоците за присуство на седница на советот и за патни и дневни трошоци на членовите на советот, не се предвидени исплати по други основи.
Ефектот од таквиот начин на исплата е незаконско трошење на средствата на општината и нереално зголемени расходи.
Со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Ресен за 2008 година предвидени се исплати на надоместоци на членови на Советот само за присуство на седници, а не и за работа во комисии со што оваа неправилност е надмината

**Препорака:**
За незаконски исплатените парични средства надлежните органи на општината да преземат мерки за враќање на истите.

11.3.2. Општина Ресен има ангажирано лица за извршување на работи и работни задачи предвидени со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација, со кои во 2007 година има склучено договори за дело што е спротивно на Законот за работни односи. На овие лица во 2007 година е исплатен надоместок во износ од 2.034 илјади денари за кој е пресметан и платен персонален данок на доход. Надлежните во општината, биле должни ангажирањето на овие лица да го усогласат со одредбите од Законот за агенциите за привремени вработувања. Непочитувањето на одредбите од наведениот закон има за ефект непресметани и неплатени придонеси и нереално искажани расходи во Билансот на приходи и расходи за 2007 година.
Во 2008 година Општина Ресен има склучено договор за ангажирање на привремени работници со Агенција за привремени вработувања.

11.3.3. Од позицијата Социјални бенифиции исплатени се средства во износ од 475 илјади денари за социјална помош на граѓани. Овие исплати се вршени со решенија донесени од градоначалникот. За истите постои Програма со утврдени цели и активности, донесена од Советот на општината, но без утврдени критериуми за доделување на средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивното доделување и ненаменско трошење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за социјална заштита.

Во периодот на Забелешки по Предходен извештај, Советот на Општина Ресен има донесено Програма за унапредување на здраствената и социјалната заштита во Општина Ресен за 2009 година со утврдени критериуми за доделување средства за социјална заштита.

11.3.4. Од Буџетот на Општина Ресен во 2007 година на здруженија на граѓани, спортски клубови и невладини организации, се исплатени 3.841 илјада денари за реализација на програмски активности, организирање спортски, културни, образовни и други манифестации. Исплатата на овие средства е вршена на основа доставени Програми од страна на овие субјекти, усвоени од Советот на општината, за кои има Извештаи за трошењето на средствата и Одлуки од Советот за усвојување на истите.
За одобрувањето на овие средства општината не објавува оглас со утврдени услови и критериуми за доделување на средствата како би можело целата постапка да се одвива објективно и транспарентно.
Неспроведувањето на постапка за доделување на овие средства преку јавен оглас создава можност за субјективно одлучување и нетранспарентност при доделувањето на истите.

**Препорака:**
Советот на Општина Ресен, доделувањето на средствата на здруженија на граѓани, невладини организации и спортски клубови да ги врши со спроведување на јавен оглас со утврдени приоритети во финансирањето, постапка на доделување, критериуми и потребна документација.

12. Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е зголемување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за износ од 37.465 илјади денари, зголемување на состојбата на Обврски спрема добавувачите за износ од 37.245 илјада денари и на Обврските спрема вработените за износ од 220 илјади денари, во Билансот на состојба на 31.12.2007 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Ресен под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката во 10.3. во Општина Ресен е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

15. Обрнуваме внимание во овој извештај, дека во однос на судските спорови што ги води општина Ресен, состојбата е следна:

Општина Ресен е тужена странка од 40 субјекти од кои со 23 субјекти износот не е определен и со 17 субјекти за долг во вкупен износ од 8.881 илјади денари.

Општина Ресен е тужител во 9 судски спорови со физички лица по основ на побарувања во вкупен износ од 627 илјада денари.

Конечна разврска по ова прашање засега не може да се утврди ниту пак е изразена резерва по овој основ за евентуални ефекти врз финансиските извештаи на општина Ресен за годината која завршува со 31 Декември 2007 година.

16. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2003 година, од страна на надлежните од општина Ресен не е постапено по дел од наодите од ревизорскиот извештај и состојбата е идентична и во 2007 година поради тоа што:
- не е назначен одговорен сметководител;
- не се обезбедени имотни листи и не е евидентиран имотот кој е пренесен со делбен биланс помеѓу Република Македонија и Општина Ресен;

**Скопје, 03.02. 2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ОРГАН НА ОПШТИНА РЕСЕН**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 57,378 | 43,624 |
| **Вкупно приходи** | | **57,378** | **43,624** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 15,869 | 12,852 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 100 | 60 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 15,644 | 12,659 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 12,291 | 2,610 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 475 | 612 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **44,379** | **28,793** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 12,999 | 14,831 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12,999** | **14,831** |
| **Вкупно расходи** | | **57,378** | **43,624** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА РЕСЕН
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Побарувања | 4.1.1. | 75 | 825 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 10 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 78 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 48,264 | 7,421 |
| **Вкупно тековни средства** | | **48,417** | **8,246** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 79,776 | 27,158 |
| **Вкупно постојани средства** | | **79,776** | **27,158** |
| **Вкупна актива** | | **128,193** | **35,414** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 46,747 | 6,329 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 75 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 1,517 | 1,092 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 78 | 835 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **48,417** | **8,256** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 79,776 | 27,158 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **79,776** | **27,158** |
| **Вкупна пасива** | | **128,193** | **35,414** |

## ОРГАН НА ОПШТИНА РЕСЕН
## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2007 година** | **27,158** | **-** | **27,158** |
| | | | **-** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| | | | **-** |
| Набавки | 1,627 | - | **1,627** |
| Евидентирање на неевидентирани градежни објекти ( зграда на општината, младински културен центар, спортска сала) | 50,080 | | **50,080** |
| Евидентирање по записник возила Ауди и Поло | 517 | | **517** |
| Примена донација | 2,361 | | **2,361** |
| **Намалување по основ на:** | | **-** | **-** |
| Расходување по попис | 153 | | **153** |
| Амортизација | 1,814 | | **1,814** |
| | | | **-** |
| **Состојба 31.12.2007 година** | **79,776** | **-** | **79,776** |


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***